Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“




# СОЗДАВАЊЕ ШУМИ СПОРЕД МЕТОДОТ МИЈАВАКИ

**Предавања и презентации**
15 април, 10 – 14 часот

**Работилница**
16 април, 10 – 13 часот

**Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**



**Професор емеритус Казуе Фуџивара (Emerita Prof. Dr. Kazue Fujiwara)** е истакнат фитоценолог, која својата академска и научна кариера ја гради на Националниот универзитет во Јокохама, Јапонија. По пензионирањето во 2010 година ја води Лабораторијата за обнова на терестрични животни средини при истоимениот универзитет. Таа е студентка на проф. д-р Акира Мијаваки и работи со него до неговото пензионирање, по што ја презема неговата позиција.

Истражувањата на проф. д-р Фуџивара се од областа на глобалната вегетацијата. Таа особено внимание посветува на зимзелените широколисни шуми, листопадните шуми во умерените климатски појаси, мангровите шуми и останатата крајбрежна вегетација, како и вегетацијата на влажни терени. Проф. д-р Фуџивара има посебен интерес за улогата на растителноста во градовите, вклучувајќи планирање на урбаната средина и управување и обнова на шуми на деградирани површини.

Проф. д-р Фуџивара е раководител и учесник во многу проекти во Источна и Југоисточна Азија, Русија (вклучувајќи го и Далечниот Исток), Индија, Непал, Бутан, Африка (Кенија, Сенегал, Етиопија, Јужноафриканската Република, Мадагаскар), Обединетите Арапски Емирати, Соединетите Американски Држави, Јужна Америка (Бразил, Чиле, Боливија). Таа била потпретседател на Меѓународната асоцијација за вегетациска наука (2003 – 2007) и член на Советодавниот одбор (1994 – 2023).



**Професор емеритус Елџин Овен Бокс (Emeritus Prof. Dr. Elgene Owen Box)** е професор по физичка географија и екологија на Универзитетот во Џорџија, САД. Во ‘70-те и раните ‘80-ти години, тој ги создава првите светски компјутерски мапи засновани на модели и проценки на флуксови и пулови на глобалниот јаглероден циклус. Во 1980-те години тој, исто така, остварува прв тест и калибрација засновани на податоци за тогаш новиот сателитски „NDVI“ индекс на „вегетација“, како мерка за производност и сезонска динамика на вегетацијата на Земјата.

Работел и на усовршување на климатската моделска прогноза за светската вегетација (првично претставена во 1981 година), базирана на пошироки теренски истражувања на светската вегетација, особено во Источна Азија и други области помалку покриени од страна на другите геоботаничари.

Се запознава и соработува со проф. д-р Мијаваки уште од 1983 година оттогаш активно учествува во промовирање на идејата за создавање мини-шуми низ целиот свет. Негов личен интерс е да придонесе во примената на методологијата на Мијаваки (првично развиена во зимзелените широколисни шуми на Јапонија) за озеленување во листопадните шуми од умерените подрачја и подрачјата на централна и северна Европа. Од 1994 до 2007 година бил претседател на Меѓународната асоцијација за вегетациска наука.

**Проектот „Морино“ (Morino Project)** е организација која се занимава со создавање природни шуми според методот Мијваки. Организацијата е основана во 1994 година, со цел да ги обнови таканаречените Чинџуно-мори, односно природни шуми застапени околу храмови низ Јапонија. Главен фокус на оваа организација е озеленување на крајбрежните области на Јапонија за заштита и намалување на ризикот од цунами и други природни непогоди.



**Д-р Сирин Кавлаиерд (Sirin Kawlaierd, Ph.D.)** е експерт за шумска екологија и реставрација на тропски екосистеми. На Универзитетот „Касецарт“ во Бангкок, Тајланд, се стекнува со диплома инженер по шумарски науки, додека на Универзитетот во Рединг, Велика Британија, се стекнува со звањето магистер на земјоделски науки. Докторската титула ја стекнува на Националниот универзитет во Јокохама, Јапонија, под менторство на проф. д-р Мијаваки. Тој има повеќе од триесетгодишно искуство во еколошка реставрација на Тајланд.



**Николас де Брабандер (Nicolas De Brabandere)** се стекнува со звање магистер по биологија на Универзитетот во Тасманија, Австралија. Тој е основач на Урбани шуми Европа (Urban Forests Europe), компанија специјализирана за создавање мијаваки-шуми. Од 2016 година до денеска има создадено повеќе од 130 мијаваки-шуми низ Белгија, Франција и Германија. Соработува со многу училишта, јавни институции и организации, приватни претпријатија, производствени капацитети и приватни лица. Работата на терен ја надополнува и со истражувачка работа насочена кон мерење на ефектот на мијаваки-шумите врз животната средина.

@KOJI NAKANO/SEBUN PHOTO/amanaimages



**Мотохару Ночи (Мотохару Ночи)** е основач и директор на проектот „Мидоризејшн“ (Midorization Project), општествено претпријатие регистрирано во Јапонија, фокусирано на регенерација на шумите, зачувување на автохтона дендрофлора, зголемување на отпорност на урбаните средини. Ночи работи и живее во Амам, Јордан, каде што ги иницира и реализира првите проекти за создавање мијаваки-шуми, клучни за промоција и воведување на мијаваки-шумите на Блискиот Исток. Од неодамна оформува и започнува да раководи со специјализиран расадник за производство на садници на автохтони дрвенести растенија кои што ќе се користат за садење мијаваки-шуми.